# ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ КАЈ ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ ЗА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ

**1. Надворешни индикатори кои се однесуваат на странките:**

- Клиентот одбегнува да даде лични податоци или за дејноста која ја врши
- Клиентот без потреба ја објаснува трансакцијата
- Клиентот бара информации како да го избегне известувањето до Дирекцијата
- Клиентот поседува сомнителен документ за идентификација или друга документација
- Клиентот доаѓа во придружба или обезбедување
- Клиентот делува уплашено (како некој надвор да ја чека и ..)
- Клиентот во детали е запозната со законодавството кое ја регулира материјата за перење пари;
- Клиент од држава која е позната по производство или растурање на дрога***;
- Трансфер на пари од/ во странство без постоење на видлива причина за таквиот трансфер, или истиот е од подрачја кои се познати по производство или растурање на дрога;
- Клиенти, кои вршат редовни или големи дознаки или примаат редовни или големи плаќања од држави кои се општо познати дека се поврзани со производство, преработка или продажба на droги;
- Големи дознаки во странство кои се повторуваат, без да се наведе сметката на примачот.

**2. Индикатори кои се однесуваат на трансакциите:**

- Клиентот сака да започне деловен однос или да изврши трансакција за која не постои ниту правна ниту економска логичност;
- Клиентот извршува трансакции кои се за мал износ помали од законски утврдениот лимит за пријавување на трансакции до ДСПП.

**3. Перење пари со вклучување на вработените кај давателите на услуги за брз трансфер на пари**

- Необјасниви промени во однесувањето на вработените (на пр.: расипнички начин на живеење, неискористување на годишен одмор, поврзување на личните со деловните односи помеѓу вработените и клиентите );
- Избегнуваат да даваат информации за клиентите или трансакциите кај кои постојат причини за сомневање за перење на пари, иако на банкарскиот работник му се познати фактите кои укажуваат на сомнителна трансакција;

- Намерно кршење на интерните упатства, постапки и прописи за спречување на перењето пари од страна на вработените во банките.